Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА КИЧЕВО
R. E MAQEDONISË SË VERIUT - KOMUNA E KËRÇOVËS
КИЧЕВО - KËRÇOVË
Примено: / Pranuar: 27. 12. 2024 г.
Бр./Nr.: 03-3345/1

| | |
|---|---|
| Општина Кичево<br>Сектор за финансиски прашања | Бр. ___________<br>(Архивски број)<br><br>Дата: _______2024 година |
| МАПА НА ПРОЦЕС<br>**Подготовка на план за Јавни Набавки** | Верзија на документот: 2 |
| Обврска за примена: Градоначалник на Општина Кичево одделение за Јавни Набавки | Примена од: 01.01.2025<br>Дата на последна ревизија: |
| Подпроцес I:<br>**Подготовка на план за јавни набавки**<br>Подпроцес II:<br>**Донесување на план**<br>Подпроцес III:<br>**Примена на планот за Јавни Набавки** | Изготвил: (потпис)<br>Одобрил С: (потпис)<br>Градоначалник: (потпис)<br>(М.П.) |

## I. Цел на процес

Начин на изработка на планот за Јавни Набавки

1. Општина Кичево носи план за ЈН секоја година до 31 јануари во тековната година, а го подготвува оделението за јавни набавки при Сектор за финансиски прашања.

2. Предмет на оваа процедура е начинот на подготовка на планот за јавни набавки

3. Во планот за Јавни Набавки се предвидуваат: предметот на набавката, потребните средства, периодот на реализација.

4. Планот за јавни набавки се изрботува на начин искористејќи податоци од три извори и тоа:
   Историскиот метод
   Методот по потреба
   Известувања од секторите
5. Комбинација на овие три методи е начин на кој се подготвува планот за Јавни Набавки во Општина Кичево

6. Истроискиот метод го опфаќа следното: планот за јавни набавки се изработува со тоа што секоја година се предвидуваат ЈН што се неотпходни за функционирањето на Општината, кои се повторуват и се потребни секоја година.

7. Методот по потреба ги опфаќа тие набавки кои секторите и оделенијата ги предлгаат врз основа на нови потреби на јавни набаки за финансирање на проекти и буџетски програми за наредна година.

8. Еден дел од јавните набавки се појавуваат за спроведување и во текот на годината, а не се предвидени со планот на јавни набавки, и тоа по добиени проекти од странство, по јавни огласи од други нивоа од власт или други извори на финансирање.

9. Во изработка на планот за јавни набавки учествуват сите раководители на сектори и раководители на Оделенија во Општина Кичево.

10. Освен ЈН што се спроведуват секоја година во планот за јавни набавки се вклучат и тие набавки што произлегубват од развојните програми донесени од советот, проекти од годишните програми, и проекти

произлезени од форумските сеси одржани при подготовка на Буџетот и други начни на презентација на Буџетот и проекти добиени од различни домашни и меѓународни институции.

11. Секторите доставуваат: износ на набавката произлезена од проект, предмет пресметка, и други пресметки во зависност од видот на набавка и се доставуват до оделение за Јавни набавки.

12. Врз основа на извори на финансирање утврдени со буџет на Општина Кичево и податоците од горенаведените начини на подготвување на Буџет се пристапува кон подготвување на планот за Јавни Набавки.

13. Оделението за јавни набавки изготвениот план за јавни набавки го доставува за потпис до градоначалникот до крајот на јануари од тековната година.

14. Планот за Јавни Набавки се објавува на веб страната на биро за јавни Набавки и на веб страната на Општина Кичево.

15. Оделението за јавни набавки води евиденција и известува за набавките кои треба да се објават.